**З А П И С Н И К**

**од 27-мата редовна седница на Советот на Општина Валандово одржана на ден 30.10. 2023 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 11.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа 14 советници, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација. Отсутен беше советникот Лазар Ангелов .

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

Пред да се премене на работа по дневниот ред на 27-тата редовна седница од страна на претседателот беше предложено дополнување од 1 точка:

Предлог - Одлука за одобрување на финансиска поддршка на ЈОУ Дом на култура ,, 25 ти Мај Валандово за издавање на монографија ,,50 години ,, Распеани валандовчани,,

Беше отворена расправа по Дополнувањето. Никој не се јави за збор и истото беше ставено на гласање и изгласано со 14 гласа ЗА.

Беше отворена расправа по предложениот проширен

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2023 година до 30.09.2023 година;
2. Предлог – Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година;
3. Предлог - План на програмите за развој;
4. Квартален финансиски извештај за работењето на ЈП “Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2023 година до 30.09.2023 година;
5. Предлог – Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план (ДУП) за Урбан Блок 1.4 , дел од Урбана единица 1;
6. Предлог – Програма за одржување на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2023/2024 година во зимски услови;
7. Предлог – Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Планинарско-алпинистички ориентационен клуб „ЈУГ ВАЛАНДОВО” за организирање на традиционален планинарски марш „По падините на Плавуш”;
8. Предлог - Одлука за одобрување средства на Здружение Спортски клуб „ЈУГО-ИСТОК“ Валандово“ за реализирање на велосипедска тура „Валандово МТБ“ по повод празникот на општината „6-ти Ноември“;
9. Предлог – Одлука за одобрување на финансиска поддршка на КУД „Младост” с.Јосифово за реализација на програмски активности;
10. Предлог - Одлука за одобрување на финансиска поддршка на ЈОУ Дом на култура ,, 25 ти Мај Валандово за издавање на монографија ,,50 години Распеани валандовчани,,

11.Предлог – Одлука за доделување на наградата „6-ти Ноември” и годишното признание на Советот на Општина Валандово по повод празникот на општината.

Бидејќи никој не се јави истиот беше ставен на гласање и едногласно со 14 гласа ЗА беше усвоен.

Беше отворена расправа по записникот од 26 тата редовна седница на советот на Општина Валандово.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со: 14 гласа ЗА.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

По Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2023 година до 30.09.2023 година беше повикана раководителката на одделението Марија Чурлинова Јорданова да даде образложение.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров. Рече дека ова е прашање или повеќе како сугестија. Не е ништо ново, секогаш во кварталниот извештај се работи вака, но за да има подобар преглед во обрасците, пример кај неданочните приходи износот 4 210 702 денари, како приходи по основ на закупнина на имот, приходи наплатени од дневен престој на децата во градинка, приходи од помошни активности во образованието како и приходи од продажба на производи. Рече дека не е спорно да стои и вака и не вика дека не треба да стои во Извештајот, но сите овие средства треба да бидат одвоени за да може да се види по кој основ и колку средства се собрани.Кога има приходи од детска градинка,а знаеме дека детската градинка се субвенционира треба да има преглед колку средства се собрани, бидејќи мерката е донесена на почетокот на годината.

Марија Чурлинова Јорданова одговори дека во кварталниот извештај на институциите има детално објаснување, истите се евидентираат таму во К1образецот, а ова е дополнително објаснување.

Јулија Тушевска се надоврза на дискусијата на Тоше Тодоров. Рече дека во материјалите има, но подобро е кога ќе се објасни, појасно ќе им биде на граѓаните, бидејќи тоа се нивни пари и треба да знаат каде одат.На градоначалникот му се обрати и рече дека секој градоначалник кога ја добива функцијата, ја добива од граѓаните и настапува со своја Програма, па го праша дали има направено некаква анализа и се запрашал што се сменило и дали се сменило нешто во Валандово за овие 6 години и дали животот во Валандово оди на подобро. Рече дека голем дел од програмата од првиот мандат не е остварена, како очекува дека ќе добие трет мандат.

Градоначалникот зема збор. Рече дека на дневен ред е Кварталниот извештај, но советничката Јулија Тушевска Советот го користи за партиско политичка пропаганда, како многу пати досега. Рече дека Општина Валандово по сите мерења и по сите основи е многу транспарентна и се знае се каде точно завршуваат општинските пари.Со факти и аргументи може да се изнесе се што е направено, но не треба да се злоупотребува времето на Советот.Рече дека советничката Јулија Тушевска премногу се среќава со граѓаните и знае точно што мислат тие и колкава е разликата на општината од времето кога нејзината судбина во кој правец ќе се развива беше неизвесна. Ја советуваше да престане со партиската омраза и поделба по партиска, верска и било каква поделба на граѓаните и да си најде друга арена да ја рефлектира својата злоба.

Јулија Тушевска се јави за збор. Рече дека секогаш кога има локаллни избори градоначалниците илзлегуваат со своја Програма врз база на која ги добиваат изборите. Со самата функција добиваат одговорност пред самите граѓани што истата треба да се оправда и нормално треба да се спомнат реализираните проекти,а тоа што не е реализирано да не се смета за злоба, политикантство и популизам кога некој нешто ќе побара. Кога гледаме нешто што не е во ред треба да се каже, бидејќи сите сме граѓани на општина Валандово и сите сакаме подобри услови. Изведбата на тротоарите во градот сега не е во ред тоа треба да се каже. Секоја плочка е поставена ,,ради реда,, и тоа треба да се поправи, бидејќи се работи за средства на граѓаните.

Градоначалникот зема збор. Рече дека овој Квартален извештај пред да дојде на Совет оди на комисија за финансирање на која советниците од ВМРО ДПМНЕ не се појавуваат,а си го земаат полниот износ на паушалот, а на советот дискутираат за тоа што не е на дневен ред, во моментот се зборува за избори и изборни програма како да се спремаат локални избори. Во наредниот период ќе следат парламентарни избори за кои таа има големи амбиции. Во моментот општина Валандово работи на многу капитални проекти кои се реализираат од сопствениот буџет.Сите средства на општина валандово по најразлични основи се враќаат кај граѓаните. Дали тоа е за бесплатниот престој на децата во градинките, за што на веќе зборувате дека ќе се укине наредната годиана, а еве јас одговорно тврдам дека и наредната година ќе продолжи и че подтои, немате потреба да ширите лаги за ситни политички поени. Рече дека додека е тој градоначалник на Општина валандово ќе се труди средствата на граѓаните да се врачаат кја нив, а тоа каков амбиент ќе има во општината, зависи од сите нас. Кога некогаш се повикувате дека се борите за граѓаните, тоа треба да го покажете на дело. Вие денес не бевте присутни на комисиите а дискутирате за партиски работи. Уште еднаш ја опомени и ја замоли советничката Јулија Тушевска да не го користи советот на Општина Валандово како арена за политичко промовирање. Инаку за проектот кој го спомнувате изведбата на тротоарите Општина Валандово има потпишано договор со надзорен орган, кој потпишува за проектот дали е добро направен или не, со што се исполнети законските процедури.

Јулија Тушевска се јави за реплика. Рече дека поканите за комисиите се добиени навреме, но никогаш пред нив нема координација, иако секогаш тие укажуваат дека треба да бидат закажани после 11 часот. За неплаќањето на градинката, рече дека нема зборувано со никого.И таа го замоли градоначалникот да биде малку поодмерен . За тротоарите рече дека градоначалникот не треба само да се слика на нив туку треба да признае дека не се добро направени. И му забележа дека градоначалникот не смее да обвинува дека некој друг не работи и не си ја завршува работата, таа за себе рече дека денес си ја завршила работата, била на работа и си ги одржала сите часови до 1 до последен и дошла овде. И му порача дека тој може да кажува се што сака, а луѓето ќе кажат кој колку сработил и кој колку вреди.

Градоначалникот се јави со контра реплика. Рече дека забелешката за плаќањето на градинката не се однесува за неа лично туку за опозицијата која што таа ја претставува и понекогаш знае да делегира некои задаши за да остане чиста.Рече дека тој ниту ја напаѓа неа лично, ниту ќе ја напаѓа туку во моментот и поддава рака заедно да работат за Валандово. Бидејќи како што тој има функција, така и таа има функција . За крај само и постави едно прашање: Што таа заклучила од Кварталниот извештај на Општина.

Претседателот на Советот Владимир Марков се јави за реплика. Рече дека досега тие немаат побарано координација за комисија, а комисиите се секогаш се навреме закажани, на нив се присутни луѓе од администрацијата, а опозицијата дали намерно или ненамерно, не присуствува. Затоа рече дека изговор не треба да се бара.

Јулија Тушевска се јави со контра реплика.Рече дека не е фер да се кажува невистина. Рече дека тие неколку пати имаат побарано комисиите да се одржуваат 2-3 дена пред седницата на Совет за да може да се спремат за Совет, и замолија за наредните совети тоа да се испочитува.

Немаше други пријавено за дискусија, па Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2023 година до 30.09.2023 година беше ставен на гласање и изгласан со 9 гласа ЗА , 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 2

По Предлог – Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година образложение имаше повторно Марија Чурлинова Јорданова. Рече дека се работи за измени кои произлегуваат од сметањето покачувањето на плата и К 15 за буџетските корисници.

Никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и едногласно со 14 гласа ЗА беше изгласана.

ТОЧКА 3

По Предлог - План на програмите за развој беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и едногласно со 13 гласа ЗА беше изгласана.

ТОЧКА 4

По Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП "Комунален сервис" Валандово за период од 01.01.2023 година до 30.09.2023 година образложение даде директорот на ЈП Комунален сервис, Глигорије Џилвиџиев.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска. Рече дека на претходната седница таа изнесе некои информации за кои градоначалмникот тврдеше дека е лага околу за исправноста на водата за пиење, затоа таа но не доби. Од страна на градоначалникот беше кажано дека ќе се провери информацијата за неисправноста на водата за пиење од манастирот Св.Ѓорѓи.За загубата што е прикажана во извештајот таа рече дека истата не е 574 976 денари туку е многу поголема, бидејќи кога ќе се земат во обзир приходите од донација од Општината која даде 3 200 000 денари, значи дека истата е околу 3 800 000 денари. Рече дека ЈП е лице на Општината и му сугерираше на директорот да каже дека таа треба да даде повеќе средства за да се средат сите трошоци, да се исплатат сите плати и ЈП да може да функционира како што треба.

Градоначалникот се процедурално. Рече дека тој на претходната седница кажал дека за информацијата што советничката Јулија Тушевска ја изнесе, дека првпат слуша и истата ќе ја провери. Во однос на квалитетот на водата за пиење потврди дека сите населени места треба да бидат преку ЈП кое ќе се грижи за исправноста и апелираше да се се престане со ширењето на лаги и невистини.

Глигорије Џилвиџиев даде појаснување. Рече дека секоја недела се зема мостра од вода за анализа од сите населени места, а секој вторник стигат резултатите. Тој ден тој бил отсутен кога стигнале резултатите а кога се вратил веднаш се информираа граѓаните кои мерки треба да бидат превземени, а се работеше само за неколку семејства кои добиваат вода од Манастирот,,Св. Ѓорги,,. Околу средствата кои беа доделени од Општината рече дека 3 000 000 денари беа наменети за плаќање на долг за струја, кој не е прикажен во Извештајот , но тој ќе биде прикажен во завршната сметка. Сеуште има тешкотии со платите, се исплатија две плати на вработените, добија покачување од 10 %, а во наредниот период ќе се исплатат уште две плати и ќе се анулира долгот спрема вработените.

Немаше други пријавено за дискусија, па Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП "Комунален сервис" Валандово за период од 01.01.2023 година до 30.09.2023 година беше ставен на гласање и изгласан со 8 гласа ЗА, 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 5

По Предлог – Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план (ДУП) за Урбан Блок 1.4 , дел од Урбана единица 1 кратко образложение даде градоначалникот. Рече дека ова е тоа што носи развој на Општина валандово. По донесувањето на ГУП, се носат уште 4 нови постапки и сите тие го трасираат патот на нашата локална заедница, посебно на градоти ќе допринесат општината да се развива. Затоа апелираше дека без оглед на партиската припадност сите советници треба заедно да го поддржат овој проект кој остаува за доброто на сите.

За документот Ѓоко Аврамски имаше подготвено презентација на видео бим.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров. Го поздрави носењето на ДУП-от иако еден делод веќе постоечката мапа е реализирана и има донесено ДУП од 10=978 година како дел од населбата Мечкин даб, а во моментот има надоградба на блок со 9 парцели.

Како сугестија за овие парцели тој праша зошто во проектот нема проектирано атмосферска и фекална канализациона мрежа, нема проектирано топловод, кој не мора сега да се прави, да има гасовод во проектната документација. Сега излегува дека ова се прави само зво интерес на инвеститорот кој треба да гради во овој блок. Рече дека сето ова е за поздравување, но таа фалинка паѓа во очи.

Ѓоко Аврамски рече дека опфатот е дефиниран со ГУП каде се дефинира блокот, се предвидува атмосферска и фекална канализација, нови електрични инсталации со тоа што кога би се донел УП ќе нема потреба да се прави урбанистички проекти за инфраструктура.

Немаше други пријавено за дискусија , па точката беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 6

По Предлог – Програма за одржување на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2023/2024 година во зимски услови повторно Ѓоко Аврамски даде образложение.

Немаше пријавено за дискусија па беше ставено на гласање и беше изгласано со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 7

По Предлог – Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Планинарско-алпинистички ориентационен клуб „ЈУГ ВАЛАНДОВО" за организирање на традиционален планинарски марш „По падините на Плавуш" во износ од 30 000 денари беше ставена на гласање и беше изгласана едногласно со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 8

По Предлог - Одлука за одобрување средства на Здружение Спортски клуб „ЈУГО-ИСТОК" Валандово" за реализирање на велосипедска тура „Валандово МТБ" по повод празникот на општината „6-ти Ноември" во износ од 40 000 денари беше ставена на гласање и беше изгласана едногласно со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 9

По Предлог – Одлука за одобрување на финансиска поддршка на КУД „Младост" с.Јосифово за реализација на програмски активности во износ од 60 000 денари беше ставена на гласање и беше изгласана едногласно со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 10

По Предлог - Одлука за одобрување на финансиска поддршка на ЈОУ Дом на култура ,, 25 ти Мај Валандово за издавање на монографија ,,50 години Распеани валандовчани,, во износ од 84 000 денари беше ставена на гласање и беше изгласана едногласно со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 11

По Предлог – Одлука за доделување на наградата „6-ти Ноември" и годишното признание на Советот на Општина Валандово по повод празникот на општината, претседателката на Комисијата за

споменодбележување, давање имиња, награди и признанија Валентина Јанева даде образложение. Рече дека на одржаната Комисија на 26.10.2023 година се донесе став да бидат доделени 9 признанија од повеќе области и тоа на:
Д-р Даниел Кировски за промовирање на хумани вредности и учество и реализирање на волонтерски акции;
Драгана Рајкова за посебен придонес во уметноста и културата;
Ивана Коколанска за постигнување на резултати во обласат на музиката;
Полифонија Стрингс, здружение на граѓани за афирмација на Општината во областа на музиката;
Аница Миленковска за долгогодишно несебично залагање и успешно работење во областа на медицината;
Станка Бајлозова Брламова за постигнување на резултати во областа на културата;
ФК Ударник Пирава за постигнување на резултати во областа на фудбалот;
Магдалена Ѓоргиевска за постигнување на резултати во областа на модата во меѓународни рамки;
Балески Органик за создавање на валандовски бренд и
една 6-то Ноемвриска награда во форма на плакета на Боро Киров за поставување на стандарди за професионалност, чесност и одговорност во локалната заедница и унапредување на истата.

Немаше други пријавено за дискусија, па Одлуката беше ставена на гласање изгласана за:
6-то Ноемвриски признанија со 14 ЗА
6-то Ноемвриска награда во форма на плакета на Боро Киров со 14 гласа ЗА

Со тоа беше исцрпен дневниот ред и седницата беше заклучена.

Записничар
С.Х.Јовановиќ

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков